# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 14 * година VI* 10.10.2011 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, октомври 2011 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ “Тафталиџе 30“ урбан дел 2,3 и 4, Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ “Тафталиџе 30“ урбан дел 2,3 и 4, Општина Карпош-Скопје, донесена на продолжениeто на Четириесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржано на 07 октомври 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-7515/2**
**10.10.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 26 став 4, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање /„Службен весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 24/08 – пречистен текст и 91/09/, и член 16 од Статутот на Општината Карпош „Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Советот на Општина Карпош, на продолжението на Четириесеттата седница одржана на 07 октомври 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ “Тафталиџе 30“ урбан дел 2,3 и 4, Општина Карпош- Скопје,

**Член 1**

Со оваа Одлука се донеува Детален урбанистички план за дел од УЗ “Тафталиџе 30“ урбан дел 2,3 и 4, Општина Карпош- Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

На север: границата ја следи осовината на ул.“Прашка“

На југ: границата продолжува по осовината на ул.“Теодосие Гологанов“

На исток: границата се совпаѓа со источните граници на КП 3230 и КП 5419,

На запад: границата ја следи западната ограда на КП 3309,КП 3308,КП 3307, КП3306,КП 3304, КП 3180 и КП 3178 до осовината на ул. “Прашка“

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува П= 6,15 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план, ги содржи следните намени: домување во станбени згради и комунална супраструктура.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени:

**А1-Домување во станбени згради**

**Е2-Комунална супраструктура**

Максималната висина на градба во планот изнесува од H max = 16,20 м.,(П+4) до Нмах.29,70 м. (П+8 + Пк).

Со планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни параметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општината Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-7375/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
07.10.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1.-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ “Тафталиџе 30“ урбан дел 2,3 и 4, Општина Карпош- Скопје,со Решение за објавување

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 30 примероци